# Извештај за работа на органите и телата на Здружението Солидарност-Аеродром-Скопје за 2015 год.

**Активности на Собранието**

Собранието на Здружението во 2015 год. има одржано 4 ( четири) седници. Собранието донесе Програма за работа и Финансов план на приходи и расходи за 2015 год. и други одлуки за нормално функционирање на Здружението. Во извештајниот период се остварени забележителни резултати во однос на подобрување на условите и квалитетот на животот на пензионерите. Треба да се забележи дека во минатата 2015 година рационално се трошени финансиските средства, а видливите резултати покажуваат дека постоело домаќинско работење. На седниците согласно Програмата на Здружението, Собранието расправаше и ги усвои следните материјали :

- Извештај за работата на органите и телата на ЗП Солидарност Аеродром,,- Скопје за 2014 год.
- Преглед на планирани и остварени средства од 01-ви Јануари до 31-ви Декември 2014 год.
- Извештај на Надзорниот одбор .

На 09.03.2015 година се одржа конститутивна седница на Собранието на која се избраа членови - претставници во органите и телата и се донесоа акти за работа на здружението и тоа.

На втората седница на Собранието се изврши избор на претставници во Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионери на град Скопје и избор на Надзорен одбор.

На третата седница на Собранието се усвои Заклучок за измени и дополнување на поедини ставки во Финансискиот план на Здружението за 2015 година, Одлука за распределување на нераспределениот дел од вишокот на приходи остварени од претходните години и пренесување во деловната година 2015 год. со намена за капитални трошоци, Одлука за измена и дополнување на Финансискиот план на ЗП за 2015 година, План на планирани приходи и расходи за 2016 и Програма за работа на ЗП Солидарност -Аеродром,-Скопје за 2016 год.

Сите овие активности во нашето здружение се остваруваа преку ограноците и клубовите на пензионери, а во органите и телата прашањата и проблемите се разгледувани во форма на извештаи, информации, заклучоци како што се: Финансискиот план, информации од разни области преку одржани седници на Собранието, Извршниот одбор, одборите на ограноците и комисиите на кои се расправаше, дискутираше, се водеа разговори, се покренуваа иницијативи и се даваа сугестии и предлози по најразлични прашања.

**Активности на Извршниот одбор**

Извршниот одбор на здружението своите активности ги насочи во остварувањето на програмските задачи за подобрување на условите за работа и живеење на членовите-пензионери како и остварување на целите и задачите на Здружението, особено преку подобрување на условите за работа на ограноците. Уште од почетокот на годината Извршниот одбор донесе акти во рамките на својата надлежност и даде предлози кои се во надлежност на Собранието на Здружението, а се важни за функционирање на здружението како што се:

-Програма за работа, утврдување на Финансовиот план на приходи и расходи за 2015 год., прифатен извештајот на Пописната комисија на средствата и нивните извори итн.

-Извршниот одбор активностите ги насочи и зголеми не само во подготовка на седниците на Собранието туку и за донесување и спроведување на повеќе значајни Одлуки , ставови и заклучоци за остварување на програмските задачи . Посебна грижа се водеше за домаќинско работење за рационално трошење на планираните средства, за создавање на подобри услови за работа на ограноците и поттикнување на нивната активност, за точно и благовремено информирање на членството и на јавноста, со афирмирање на активностите, а донесените одлуки да бидат конструктивни и транспарентни. Сите членови на ИО со своите дискусии и сугестии придонесоа седниците да ја имаат потребната динамика.

Извршниот одбор одржа 10 (десет) седници , и се усвоија следните материјали :

-Извештај за работата на Органите и телата на ЗП ,,Солидарност-Аеродром,,- Скопје за 2014 год.

-Преглед на планирани и остварени средства за период 01Јануари до 31 Декември 2014 год. на ЗП ,,Солидарност-Аеродром,,- Скопје .

-Извештај од Надзорниот одбор.

-Усвојување на Деловник за работа на Извршниот одбор на Собранието на здружението на Пензионерите ,,Солидарност-Аеродром,,- Скопје.

-Избор на претседател на Извршниот одбор на Собранието на ЗП ,,Солидарност-Аеродром,,- Скопје.

-Избор на Секретар на Извршниот одбор на Собранието на ЗП ,,Солидарност-Аеродром,,- Скопје.

-Одлука за избор на Комисии на Извршниот одбор

-Одлука за одбележување на 14-ти Април како традиционален празник на Здружението

-Предлог – нацрт Одлука за измена и дополнување на Статутот на Здруженијата на пензионерите на

град Скопје.

-Одлука за учество на 20-ти Регионални спортски натпревари со организирање на превоз, ручек и набавка на маици и Одлука за учество на Републички спортски натпревари со организирање превоз и ручек.

-Одлука за учество на Регионална фолклорна ревија на музика песни и игра и Одлука за учество на Републичка фолклорна ревија на музика песни и игра

-Предлог –Одлука за учество на прославата 65 години на ЗП „Охрид и Дебрца, на 19.06.2015 год. во Охрид . Овој настан не се оствари поради немање на услови во Охрид.

-Одлука за исплата на Социјална помош по предлог на Комисијата за здравство и социјална помош и исплата на Рекреативните одмори во Катланово по предлог на ограноците за 2015 год.

-Одлука за Измена и дополна на одлуката за надоместоците.

-Предлог –Мислење на Статутарната комисија по предлог нацртот-статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на СЗПМ.

-Предлог-Одлука за покривање на трошоци за одржување на средбите во Сарај на 15.09.2015 год.-домаќин Сојуз на здруженија на пензионери на град Скопје.

-Информација за бројот на членството во здружението.

-Одлука за учество на шаховскиот турнир 13-ти ноември на машка и женска екипа

-Предлог -одлука за измена и дополнување на Финансискиот план за 2015 год.

-Предлог-Програма за работа за 2016 год.

-Предлог-План на планирани приходи и расходи за 2016 год.

**Културно забавен живот и одмор**

Врз основа на насоките од СЗПМ и Програмата за работа на ЗП Комисијата за културно забавен -живот во изминатата година за приоритет ги постави следните задачи:Континуиран културно-забавен живот во текот на целата година, Подготовки и учество на Фолклорните ревии на музика, песни и игра. Организирани се заеднички дружења во нашето здружение за Нова година, за Стара Нова година-Василица, за Св.Трипун, за најголемиот христијански празник „Велигден„ со изложба на тема „Најубаво украсено јајце„ ,одбележување на денот на пензионерите и тн. Во збогатување на програмата со нови содржини Комисијата за културно забавен живот секогаш е отворена, доколку се појават нови идеи од пензионерите. Во програмата беше зацртано да активностите од сите секции континуирано се одвиваат во текот на целата година. Клубот на љубители на книгата имаше изготвено своја Програма и се раководеа и работеа по неа . Музичката секција веднаш презеде активности за подготовки и учество на Регионалната и Републичката ревија на музика, песни и игри. Заради изборните активности музичката секција редовно изведуваше проби , и на време и успешно подготвени учествуваше на фолклорните ревиите . Секцијата редовно и организирано ги одржуваше сите месечни активности програмирани од Здружението. Зедовме учество како посетители и на другите регионални ревии каде бевме поканети. На регионалната и републичката ревија на музика,песни и игри постигнавме забележителен успех и нашето претставување беше на завидно ниво. Активот на пензионерки редовно и активно ги одржуваше планираните состаноци со организирање на повеќе предавања од областа на здравството. Се организираше посети на многу знаменитости и музеи како и театарски преставе. Клубот на љубители на книгата имаше редовни состаноци со ангажирање на познати писатели и поети со промовирање на нивни изданија -книги. Претставници на клубот на љубители на книгата посетија неколку домови за стари лица за што од Домот за стари лица „Светла Надеж„ добија благодарница за одбележување на неделата за стари лица.

Историската секција и продолжувачи на борците во 2015 година во рамките на својата програма за работа секој трети вторник во месецот со своите членови одржуваа редовни средби на кои присуствуваа познати гости и разработуваа теми.

**Спорт и рекреација**

Покрај другите активности , Здружението на пензионери и во 2015 година организираше Спортски натпревари помеѓу ограноците на 15 Мај каде што зедоа учество околу 130 пензионери-спортисти кои се натпреваруваа во машка и женска конкуренција во 11 дисциплини . Пензионерите кои ги освоија првите места зедоа учество на Регионалните спортски натпревари, кои се одржаа на 13 Јуни 2015 година во населба „Илинден„, каде организатор беше ЗП „Солидарни- пензионери- Илинден„. на кои натпревари зедовме учество со 35 спортисти. На Регионалните спортски натпревари освоивме три први места и тоа во табла жени, фрлање ѓуле и тробој мажи. На Републичките спортски натпревари кои се одржаа на 4-ти септември во Скопје во Хотел „Њу –стар“ каде зедовме учество во три дисциплини и освоивме 2-ро место - фрлање ѓуле и 2-ро место табла мажи . По повод 13-ти Ноември - денот на ослободување на градот Скопје, во организција на СЗП на град Скопје се организира Шаховски турнир на кој нашето здружение зеде активно учество. Покрај добрата организираност на нашето здружение, сметаме дека постигнатите резултати се недоволни со оглед на потенцијалот кој го поседува ова здружение.

**Активности во ограноците**

Во клубовите на ограноците се одвиваат најголемите активности на пензионерите и затоа особено внимание се посветува истите да функционираат нормално. Посебен впечаток остава организираното дружење помеѓу ограноците при одбележување на денот на формирање на клубот и на верски празници, при што се чувствува задоволството на пензионерите и нивно масовно учество. Во ограноците се посветува грижа за старите, сами и изнемоштени лица, преку посета на болни, испраќање на одмор во Рекреативниот центар во Катланово, како и

доделување на парична помош. Комисијата за здравство во 2015 година организираше две акции за здравствени прегледи со мерење на шеќер и притисок во крвта на 372 пензионери од сите ограноци. Пензионерите со огромна благодарност ја поздравуваат оваа акција која допринесува за рано откривање на овие состојби, која што акција ќе продолжи и наредната година. Поделена е парична-социјална помош на 48 (четириесет и осум) лица пензионери, осамени и со нарушено здравје во вкупен бруто износ од 160.000 илјади денари . На рекреативен одмор во Рекреативниот центар ,,Катланово,, во 2015 година упатени се 2 (две) лица со 100% партиципација од здружението .

**Информирање**

На информирањето се посвети особено внимание и истото беше организирано со максимална транспарентност , а се со цел запознавање на членството за остварување на нивните права и обврски.

За важни прашања се одржуваа и посебни состаноци со претседателите на ограноците кои беа информирани за настаните во Здружението, а тие пак информациите ги пренесуваа во ограноците. Информирањето поширoко се остварува преку издавањето на весникот ,,Пензионер плус,, и прилогот ,,Пензионерски видици,, во весникот ,,Нова Македонија,,, емисијата ,,Трето доба,,

**Соработка со други здруженија и организации**

Меѓусебната соработка со Здруженијата на пензионери од градот Скопје и Републиката е на задоволително ниво. Особено треба да се истакне соработката со Здружението на пензионери ,,Охрид и Дебрца,, . Здружението на пензионери ,,Солидарност-Аеродром,, соработката со надворешните органи и организации ја спроведуваше преку средби , состаноци и информации. Здружението и во годината која измина продолжи со програмските определби да се остваруваат посакуваните контакти со локалната самоуправа, а во врска со склучениот Меморандум со ЗЕЛС и СЗПМ, а се со цел на процесот на децентрализација на локалната власт и општините . За да се води поголема грижа за пензионерите и старите лица пред неколку години беше изготвен предлог на спогодба и истата беше доставена до градоначалникот на општината , но истата не е потпишана.

Како резултат на тоа предвидените активности не се остварени и соработката не е на задоволително ниво.

Соработката со СЗПМ ја остваруравме преку нашите претставници во Собранието, каде што се дискутирало по сите материјали од интерес за пензионерската асоцијација. Друга позначајна соработка остварувана е со Сојузот на здруженијата на град Скопје, реализирана преку нашите претставници во Собранието, како и нивно присуство во нашите органи, на кои беа изнесени нивните реализирани програмски активности. Во организација на Градскиот сојуз одржани се повеќе состаноци со претседателите на Извршните одбори. Значајни активности и соработка остварени се со Фондот за ПИОМ и со Министерството за труд и социјална политика,,. Остварена е соработка со Сојузот на борците на Македонија, општинска организација ,,К.Вода,,, остварена е соработка со Црвениот крст на Р. Македонија -општинска организација ,,Кисела Вода,,. Остварени се повеќе активности за соработка со невладини организации и институции од хуманитарен карактер. Реализирана е акцијата мерење на шеќер во крвта и притисок во соработка со Црвениот крст на град Скопје. За истакнати активности на поединци како и за акциите за солидарна и хуманитарна активност доделени се благодарници.

Претседател на Собрание
Стамен Филипов